# Вентилатор

## Колоритна експресија

Во познатата виенска галерија „Албертина“ во текот на есента ќе биде поставена исклучителна изложба за Винсент ван Гог, која ќе трае од 5 септември до 8 декември. Според организаторите во „Албертина“, идејата за изложбата „Винсент ван Гог – цртани слики“ е да се претстави овој славен сликар во една сосема нова перспектива, односно да се согледа односот меѓу колоритот и неверојатната цртачка



експресивност на Ван Гог. Поставката се состои од педесет слики и од стотина најзначајни акварели и цртежи од над шеесет музеи од целиот свет. Изложбата се реализира како соработка меѓу галеријата „Албертина“ и музејот на Ван Гог во Амстердам, а претставува најголема презентација на уметникот по амстердамската јубилејна изложба во 1990 година, која наедно е и прва изложба на Ван Гог во Австрија по повеќе од половина век. (Д.Б.)

## Колосална скулптура

Делови од огромна, совршено изрезбана мермерна скулптура која го претставувала римскиот цар Марко Аурелие била пронајдена на едно археолошко наоѓалиште во Турција. Статуата била откриена во најголемата соба на римските бањи во древниот град Сагаласос, додека главата, десната рака и долните делови од ногата биле пронајдени високо во планините на јужна Турција. Колосалната глава, која е висока



помалку од еден метар, ги има карактеристично препознатливите очи и брада на римскиот владетел Аурелие, кој повеќе бил филозоф отколку војник. Според професорот Марк Велкинс од Католичкиот универзитет „Лувен“ во Белгија, инаку водач на тимот кој ја пронашол статуата, овој археолошки пронајдок е еден од најдобрите прикази на Марко Аурелие, кој владеел од 161 до 180 година од новата ера. (Д.Б.)



# Реалноста на новите медиуми

**АГЕНДА** Тенденциите во употребата на најновите хардверски и софтверски достигања, во уметнички контекст, ќе се прикажуваат низ улиците на градот

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*



**КРЕАЦИЈА** Фестивалот ќе ја претстави креативната сила на интернационалната сцена на новите медиуми

Моменталните тенденции во употребата на најновите хардверски и софтверски достигања, во уметнички контекст, ќе бидат прикажани во текот на четиридневниот фестивал со наслов „Верижна реакција“ кој од 11 до 14 септември ќе се одржи во Скопје. Истовремено, фестивалот е трета средба на мрежата „Апгрејд! интернешенел“ (Upgrade! International), глобална мрежа во подем, која функционира он-лајн и која е составена од автономни членки обединети од уметноста, технологијата и посветеноста на идејата за премостување на културните поделби.

■ **ИНТЕРАКЦИЈА** Проектот „Верижна реакција“ обединува уметници, куратори и уметнички продуценти кои доаѓаат од над дваесет градови од различни земји од Азија, Канада, Европа, САД, Јужна Америка, Јужна Африка, Нов Зеланд. Проектот ќе се дисперзира низ целиот град како културен фестивал на дигиталната уметност, кој во својата содржина вклучува изложби, видеопроекции, стриминг-перформанси во живо, како и програма од предавања и работилници кои истражуваат различни аспекти од сферата на дигиталната уметност. Публиката ќе има можност да види интерактивна веб-инсталација од светлечки камења изработени од лед-светилки, аудио-визуелна екстракција на веб-содржини, компјутерски генерирани ликови и амбиенти кои реагираат на интеракција, документарни фотографии за Интернет-кафулињата во Јоханесбург, генеративни парчиња за мобилни телефони, анимации и проекции на снимки од камери за набљудување.



**MOBICASES** Подвижните единици се компактни, практични и можат да се носат како ранци

Во текот на проектот ќе се случи и таканареченото семплување на градот во живо со преносните единици Mobicases. Подвижните единици се компактни, практични и можат да се носат како ранци или да се употребат како столче. Во секоја единица има простор за лаптоп, кабли, слушалки и микрофон, видеокамера, фотоапарат и за други технички алатки. Единиците се опремени со портабл Интернет-хотспот. Во Скопје преносните единици ќе ги промовираат уметниците од берлинската Лабораторија за јавна уметност, кои ќе шетаат низ градот и низ местата на кои ќе се случуваат настаните и со опремата ќе документираат сè што ќе најдат интересно во контекст на проектот, а по прошетката ќе ги монтираат снимените материјали пред да ги објават на сајтовите на мрежата.

■ **МРЕЖА** Македонскиот продуцент во реализацијата на фестивалот е Лајн-иницијатива и движење/Апгрејд! Скопје, а како копродуценти во проектот ќе учествуваат Лабораторијата за јавна уметност/Апгрејд! Берлин, Номад/Апгрејд! Истанбул, Интерспејс/Апгрејд! Софија и Апгрејд!Белград. Уметниците кои ќе се презентираат во текот на фестивалот ќе ја претставаат креативната сила на интернационалната сцена на новите медиуми. ■

## ИМЕР БАЈРАМИ ПРЕПОРАЧУВА



Имер Бајрами е ликовен уметник, педагог и основач на Здружението на ликовни уметници „Арт визион“ со кое наесен ќе прават изложба во Старата чаршија во Скопје, а за „Глобус“ препорачува:

**КНИГА**



„Генералот на мртвата војска“ од Исмаил Кадаре. Еден од најпознатите албански писатели, низ потрагата на генералот по телата на своите војници, напиша сага за дел од албанската историја.

**ФИЛМ**



„Кога пролетта задоцнува“, телевизиска серија за една голема, но неостварена љубов, во која една од главните улоги ја толкува познатиот актер Фарук Беголи.